Јавно Претпријатие ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО
Ndermarrja Publike PASTRIMI DHE GJELBERIMI
Бр.Nr: 04-38/23/4
11.01.2024 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО 3
КУМАНОВО

ЈП"Чистота и зеленило" Куманово, врз основа на член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор (сл. весник бр.27/2014 и 199/2015), член 22 од Закон за работни односи - (сл. весник 65/05 со измените) како и врз основа на Правилник за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место, во јавниот сектор преку вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор, и врз основа на Правилник 02-1441/1 од 10.10.2016 година, за формата и содржината на јавниот оглас како и пријава за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и унапредување, како и начинот на нивно бодување за даватели на јавни услуги и помошно технички лица, ЈП"Чистота и зеленило" Куманово распишува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**Бр.1/2024**

1. Работно место - давател на услуга – референт-инкасант со шифра на работно место - КДР 0305Б02075 – извршители 1- (по националност македонец)
2. Работно место - давател на услуга - возач на камион - со шифра на работно место - КДР 0305Б03018 - извршители 4 по националност (3 македонци и 1 албанци)
3. Работно место-давател на услуга-утоварувач на отпад -со шифра на работно место КДР-0305В02033-извршители 3 по националност (3 албанци).
4. Работно место давател на услуга инжинер во оддел со шифра на работно место КДР 0305Б01027 – извршител 1-( по националност -македонец)
5. Работно место помошно техничко лице- општ работник со шифра на работно место КДР 0401 А03 012 извршители по националност (3 македонци)

**Општите услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите се:**

- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го владее Македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место

со правосилна пресуда да не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови што треба да ги исполнува кандидатот за работно место под реден **број 1** е да е со стекнато најмалку ниво на квалификации IV 240 кредити според ECVET или МКСОО , или четиригодишно средно образование, и работно искуство најмалку 2 година во струката

Посебни услови што треба кандидатот да ги исполнува за работно место под реден **број 2** стекнато најмалку ниво на квалификации IV 240 кредити според ECVET или МКСОО , или четиригодишно средно образование, и работно искуство најмалку 1 година во струката,и возачка дозвола од Ц категорија.

Посебни услови за работно место под реден **број 3** е да има основно образование, со или без работно искуство.

Посебни услови што треба да ги исполнуваат кандидатите за работно место под реден **број 4**, е да е со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен Vl Б степен,вид на образование –Природни науки,-науки за земја и сродни науки за животна средина за ниво Б1 најмалку три години работно искуство во струката.

Посебни услови за работно место под реден **број 5** е да поседува основно образование, со или без работно искуство.

.

Нето плата за работно мнесто под реден број 1 изнесува 23.820,00 денари
Нето плата за работно место под реден број 2 изнесува 23.529,00 денари.
Нето плата за работно место под реден број 3 изнесува 20.389,00 денари.
Нето плата за работно место под реден број 4 изнесува 31.208,00 денари.
Нето плата за работно место под реден број 5 изнесува 20.175,00 денари.

Работно време е 40 часа неделно и трае од понеделник до петок, со можност за поинаков распоред според потребите на работодавецот.
Рок за пријавување на кандидати е 15 дена од денот на објавување на огласот.
Заинтересирани кандидати треба да достават:

- пријава (истата може да ја подигнат од Архива на претпријатието)
- свидетелство
- доказ за здравствена состојба
- уверение за државјанство
- доказ дека нема забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за работно искуство

Кандидатите комплетната документација да ја достават во Архива на претпријатието на ул. Братство Единство бр.30 Куманово или по пошта.
При поднесување на Пријава кандидатот да го наведе бројот на работното место за кое се пријавува.
Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци.
Изборот ќе се изврши во рок од 5 дена од добивање на конечна ранг листа од страна на Комисијата, поднесена до директорот на институцијата.
Селекција и интервју ке ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапката за вработување.
Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.
Ненавремена, нецелосна и некомплетна Пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

**ЈП "Чистота и зеленило"**
**Куманово**
**Директор**
**М-р Стојчевски Даниел**

Јавно Претпријатие-Ndërmarrja Publike ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО PASTRIMI DHE GJELBËRIMI 9 Куманово-Kumanovë